ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 29-161/10**

**Дата: 27.12.2012**

**ДО**
**ОПШТИНА КРАТОВО**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

**Резиме**

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основен буџет (637) на Општина Кратово за 2011 година.

Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на сметката на основен буџет (637) на Општина Кратово за 2001 година и е изразено негативно мислење. Препораки, во однос на утврдените неправилности, не се дадени.

За вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи за 2011 година и за усогласеност со закони и прописи е изразено негативно мислење.

Во Општина Кратово не е воспоставен систем на интерни контроли во процесот на плаќање, како систем на финансиски и други контроли, што го зголемува ризикот од незаконско и ненаменско трошење на буџетските средства. Општината нема одговорен сметководител.

Воспоставена е меѓуопштинска соработка со Општина Пробиштип во однос на користењето на услугите на внатрешниот ревизор.

Не е извршена идентификација, проценка и евидентирање на имотот добиен со делбен биланс донесен од Владата на Република Македонија во 2000 година и покрај тоа што за дел од недвижниот имот се добиени имотни листови.

Пописот на средствата, не е извршен во согласност со одредбите на Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници заради утврдување на материјалните разлики меѓу состојбата на утврдениот попис и сметководствената состојба и утврдување на евентуални вишоци и кусоци на средства.
Во однос на спроведувањето на постапките за јавни набавки во текот на 2011 година се констатирани одредени неправилности.

На констатациите во Нацрт извештајот за сметката на основен буџет (637) добиени се забелешки кои не се прифатени.

**1.Вовед**

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страните од 16 до 18 заедно со ревизија на усогласеност на финансиските извештаи на сметката на основен буџет (637) на Општина Кратово, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на сметката на основен буџет (637) на Општина Кратово за 2001 година. За вистинитоста и објективноста на финансиската состојба на сметката под 31 декември 2001 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, како и за законското и наменското користење на средствата во финансиските трансакции за 2001 година е изразено негативно мислење.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Мите Андоновски – градоначалник во 2011 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на Општина Кратово се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на:
- финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување
- усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки

зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјално погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.
При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.
Ревизијата од точка 1.1. е планирана и извршена во периодот од 01.09 до 03.10.2011 кај Општина Кратово од тим на Државниот завод за ревизија .

**3. Осврт на ревизијата од претходната година - спроведување на препораките.**

Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на сметката на основен буџет (637) на Општина Кратово за 2001 година. За вистинитоста и објективноста на финансиската состојба и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, како и за законското и наменското користење на средствата во финансиските трансакции за 2001 година е изразено негативно мислење. Препораки, во однос на утврдените неправилности, не се дадени.
Надминувањето на неправилностите не е можно да се следи поради значителни промени во законската регулатива.

**4. Наоди и препораки**

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот – предмет на ревизија, на 26.09.2012 година.
На ден 27.11.2012 година, примени се забелешки на констатациите на Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор, број 09-87/3 од 20.11.2012 година од законскиот застапник на субјектот. Забелешките се однесуваат на констатациите од точките 4.1.1., 4.2.4., 4.2.6., 4.3.1. и 4..4.2. . Забелешките се разгледани и е оценето дека не се прифаќаат од причина што не се доставени нови релевантни докази кои би имале влијание на промена на ревизорското мислење.

Текстот на забелешките и одговорот на ревизијата се дадени во прилог кон овој Конечен извештај.

Со ревизијата на финансиските извештаи за 2011 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

### 4.1. Интерни контроли

#### 4.1.1. Процес на плаќање

При оценка на системот на интерните контроли кај процесот на плаќање, ревизијата констатира дека воспоставените интерни контроли не обезбедуваат доволно ниво на сигурност да спречат ризик од плаќање по некомплетна и непотврдена документација од овластени лица и почитување на договорените услови за плаќање, што не е во согласност со член 5, 6, 16 и 21 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола. Раководителот на субјектот е должен да воспостави систем на внатрешна контрола, назначи одговорни лица за ех анте и ех пост финансиска контрола обезбедувајќи соодветна поделба на надлежностите и одговорностите.

Причините за ваквата состојба произлегуваат од следното:

- недоволна екипираност на општинската администрацијата во сферата на финансиското работење, односно концентрација на повеќе надлежности кај еден вработен (подготовка на буџет, изготвување квартални извештаи, годишна сметка на буџетот, завршни сметки на сметките преку кои работи Општината, сметководствено евидентирање на трансакциите, пресметка на плати, благајничко работење), без при тоа да се обезбеди контрола за сите активности од раководното лице на одделението за финансиски прашања;
- не е назначен одговорен сметководител кој ќе врши контрола и потврдување на документите,
- не се воспоставени контролни постапки за следење на спроведување на договорите во однос на договорените цени;

Општината има донесено пишана процедура за постапување и евидентирање на сметководствената евиденција, меѓутоа, нема утврдено контролни постапки и не ги дефинира одговорностите на вработените лица кои ќе се надлежни во управувањето и контролата за извршување на расходите одобрени во буџетот.

**Препорака:**
Градоначалникот на Општината:

- да обезбеди целосно функционирање на надлежностите на раководителот на единицата за финансиски прашања во согласност со Законот за јавна внатрешна финансиска контрола;
- да воспостави соодветна екипираност на општинската администрација во сферата на финансиското работење ;
- да одреди одговорен сметководител на Општината заради обезбедување примена на одредбите од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, а со тоа вистинито и реално прикажување на сметководствените промени и трансакции;

Раководителот на одделението за финансиски прашања да обезбеди изготвување план за воспоставување на финансиско управување и контрола, како и методологија за спроведување на планот кои ги одобрува раководителот на субјектот.

**4.2. Усогласеност со закони и прописи**

4.2.1. Во 2011 година од буџетот на Општина Кратово исплатени се средства во износ од 320 илјада денари на спортски клубови. Согласно член 22 од Законот за спорт, општините имаат надлежности за развојот на спортот. За остварување на надлежностите на овој член од законот, советот на Општината или комисија на Општината надлежна за спортот, треба да донесе програма на предлог на општинските спортски сојузи. Програмите се финансираат од буџетот на општините, донации и спонзорства. Советот на Општина Кратово нема донесено Програма за финансирање на одржување на спорт што не е во согласност со Законот, а средствата се исплаќаат по решение донесено од Градоначалникот. Ова ја намалува транспарентноста во планирањето и одобрувањето на буџетските средства.

**Препорака:**
Општина Кратово да донесе годишна програма за развој на спортот во Општината.

4.2.2. Во 2011 година од буџетот на Општина Кратово исплатени се средства во износ од 187 илјада денари за финансирање на културни манифестации. Согласно член 7 од Законот за култура, локалниот интерес во културата се финансира согласно програма за култура што треба да ја донесе советот на единицата на локалната самоуправа. Советот на Општина Кратово нема изготвено и донесено

Програма за финансирање и одржување на културни манифестации што не е во согласност со Законот, а средствата се исплаќаат по решение донесено од Градоначалникот. Ова ја намалува транспарентноста во планирањето и доделувањето на буџетските средства.

**Препорака:**
Советот на Општина Кратово да донесе програма за финансирање на локалниот интерес во културата.

4.2.3. Во текот на 2011 година на здруженија на граѓаните од Буџетот на Општина Кратово се трансферирани средства во износ од 503 илјади денари.
При тоа, од направениот увид во документацијата ревизијата го утврди следното:

- Советот на Општината нема донесено акт со кој поблиску ќе ги уреди условите за распределба и користење на средствата кои ќе се доделуваат на организациите на подрачјето на Општина Кратово
- Општина Кратово на својата веб страница ги нема објавено организациите кои ги добиле средствата по програми од Буџетот, како и целите на организациите за кои ги добиле тие средства.
- Организациите кои добиле средства од буџетот на Општината не доставиле деловен и финансиски извештај до надлежниот орган на Општината за нивната реализација.

Непочитување на законските одредби од Законот за здруженија и фондации односно член 49, создава можност за субјективно постапување и одлучување при доделување на средствата од Буџетот на Општината за нивно финансирање и намалена транспарентност во работењето на Општината.

**Препорака:**

- Советот на Општината согласно Законот за здруженија и фондации да донесе акт со кој поблиску ќе ги уреди условите за распределба и користење на средствата кои ќе се доделуваат на организациите на подрачјето на Општина Кратово.
- Општина Кратово на својата веб страница да ги објавува организациите кои ги добиле средствата по програми од буџетот, како и целите на организациите за кои ги добиле тие средства;
- Градоначалникот на Општината од организациите кои добиле средства од буџетот на Општината за тековната година да побара да достават деловен и финансиски извештај за нивната реализација.

4.2.4. Исплатени се средства во износ од 233 иљада денари како надоместок за годишен одмор. Исплатата на овој надоместок е регулирана со Одлука за извршување на Буџетот на Општина Кратово за 2011 година.
Во Законот за Државни службеници донесен во 2000 година, во членот 96 е уредено дека: со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува примената на одредбите на колективните договори по прашањата кои се уредени со овој закон. Бидејќи со овој Закон се уредува системот на плати и надоместоци на плати за државните службеници, а во членот 52, став 2 каде се утврдени другите надоместоци на кои имаат право државните службеници не е наведен регресот за годишен одмор, произлегува дека исплатата на таков надоместок нема законски основ.
Во Законот за работни односи кој се однесува на вработените во Општината кои немаат статус на државни службеници, во рамките на надоместоците нема предвидено исплата на надоместок за годишен одмор.
Исплатите на вработените кои немаат законски основ претставува ненаменско и незаконско трошење на буџетските средства на Општината

**Препорака:**
Градоначалникот на Општината да одобрува исплата на надоместоци на плата, на кои државниот службеник има право под услови и критериуми утврдени со Законот за државни службеници.

4.2.5. Општина Кратово во текот на 2011 година со договор на дело има ангажирано лица за одржување на улично осветлување. На овие лица во 2011 година е исплатен надоместок со пресметан и платен персонален данок на доход во износ од 419 илјади денари. Повеќе годишното ангажирањето на овие лица преку формата договор на дело, не е во согласност со член 619 од Законот за облигационите односи, каде е уредено дека со договор за дело вршителот на работата се обврзува да изврши определена работа, како што е изработка или поправка на некој предмет или извршување на некоја физичка или интелектуална работа и слично, а нарачувачот се обврзува за тоа да му плати надомест. Ваквиот начин на ангажирање на лица ја намалува транспарентноста при ангажирање на истите.
По овој наод ревизијата не дава препорака бидејќи во 2012 година за одржувањето на јавното осветлување ангажирање на вработени лица врши јавното претпријатие.

4.2.6. Пописот на средствата, не е извршен во согласност со одредбите на Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници .

Извршен е физички попис на материјалните средства на крајот на 2011 година. Во пописните листи по канцеларии е искажана бројната состојба на опремата (во дел од нив е вклучен и ситен инвентар), меѓутоа, не е извршено усогласување на состојбата на материјалните средства утврдена со пописот со нивната сметководствена вредност, согласно член 29 од Правилникот заради утврдување на материјалните разлики меѓу состојбата на утврдениот попис и сметководствената состојба и утврдување на евентуални вишоци и кусоци на средства.

- На опремата нема поставено инвентарни броеви во функција на полесно, побрзо и правилно идентификување на опремата.
- Од пописните листи може да се види дека има извршено попис на уметнички слики во просториите, а во материјалната евиденција нема евидентирано уметнички слики.
- Во материјалната евиденција одредени видови опрема се дадени збирно (столици, фотељи), што го отежнува споредувањето со реалната состојба.

Неизвршеното усогласување на утврдената фактична вредност на постојаните средства со пописот со состојбата во сметководството создава ризик од нереално прикажување на средствата и изворите на средствата.

**Препорака:**

- Пописот на материјалните средства да се врши во согласност со одредбите на Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници .
- На целата опрема да се постават инвентарни броеви.
- Во материјалната евиденција да се изврши подвојување на групно искажаните средства.

4.2.7. Општина Кратово во текот на 2011 година за финансирање на работењето на ЈКП "Кратово" исплатила средства во вкупен износ од 1.750 илјади денари. Исплатата не се темели на реален обем на извршени работи, туку трансферираните средства се наменети за надоместување на платите на двајцата вработени во јавното претпријатие и набавка на материјали. Вработените во јавното претпријатие се ангажирани за спроведување на дел од Програмата за уредување на градежното земјиште на Општина Кратово, за одржување на уличното осветлување, зимско одржување и одржување на градските гробишта.

Општина Кратово нема склучено договор со ЈКП"Кратово" заради дефинирање на меѓусебните права и обврски, како и цените на услугите кои ЈКП ги врши во корист на Општината. При вршење надзор на работите доделени на јавното претпријатие од страна на Општината, не се утврдени начинот на контрола на извршување на работите и документите кои би обезбедиле доволно докази за извршување на работите.

Недефинираните односи на Општината со ЈКП Кратово придонело до исплата на средства без регулирани права и обврски.

**Препорака:**
Градоначалникот на Општина Кратово:
- на почетокот на секоја година да склучува договор со ЈКП Кратово за регулирање на меѓусебните обврски, дефинирање на цените на услугите, начинот на обезбедување на докази за обемот на извршената работа, и
- да овласти лице кое ќе врши контрола на работите и документите кои би обезбедиле доволно докази за извршените работи.

## 4.3. Финансиски извештаи

4.3.1. Не е извршена идентификација, проценка и евидентирање на имотот добиен со делбен биланс донесен од Владата на Република Македонија 2000 година (Сл.весник на РМ 15/2000), што не е во согласност со одредбите на членот 64 од Законот за локална самоуправа. Неевидентирањето на овие средства значи нереално искажан имот на Општината во билансот на состојбата.
За дел од објектите е запишана сопственоста во катастарот на недвижности и се добиени имотни листови во 2004 година, меѓутоа, не е извршена проценка и нивно евидентирање. Општината нема утврдено во каква состојба се објектите.
Советот на Општина Кратово во март 2011 година има усвоено Информација за пренесеното право на сопственост на недвижен имот од Република Македонија на Општина Кратово врз основа на спроведен делбен биланс. Во информацијата е констатирано кои објекти се пренесени на Општината и дека дел од нив се руинирани или не постојат. Меѓутоа, за поголемиот дел е утврдено дека не е извршен увид на лице место и дека Општината нема детални податоци за тоа во каква состојба се наоѓаат. Во усвоената информација е констатирано дека е потребно да се направи целосен попис со снимање и премерување на објектите и да се направи процена на нивната реална вредност заради нивна евентуална продажба или изнајмување.
До завршување на ревизијата, не се преземени активности во насока на реализација на дадените препораки во Информацијата, така што состојбата е непроменета.

**Препорака:**
Градоначалникот да преземе активности за добивање имотни листови за објектите за кои не е започната постапка, вреднување и евидентирање на преостанатиот имот.

4.3.2. Не се врши сметководствено евидентирање од инвестиции во тек во материјални средства на објектите од комуналната инфраструктура (пренос од материјални средства во подготовка на градежни објекти), со образложение дека нема обезбедено документација со која ќе се потврди активирањето на објектите. Неевидентирањето од материјални средства во подготовка на градежни објекти во моментот на нивното завршување не е во согласност со одредбите од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и влијае на реалноста на Билансот на состојбата бидејќи доколку средствата во подготовка се активираат и евидентираат како градежни објекти постои обврска за пресметување амортизација, додека на долгорочните средства до нивното ставање во употреба не се пресметува амортизација. За износот на пресметаната амортизација се намалуваат и средствата и изворите на финансирањето и за тој износ во билансот на состојбата се искажани повеќе средства.
На седница на Комисијата за финансии, буџет и локален економски развој, одржана во март 2011 година прифатен е предлог на еден од членовите, со кој градоначалникот е задолжен за одреден период да изготви предлог-информација на кои инвестиции во тек треба да се изврши технички прием. Таква информација до денот на ревизијата не е изготвена.

**Препорака:**
Одделението за финансиски прашања да пропише сметководствена политика во однос на евидентирањето на активираните комунални објекти и врз основа на реално утврдените состојби да изврши нивно евидентирање како градежни објекти.

4.3.3. Општина Кратово во 2011 година има извршено набавки на градежни и електро материјали во вкупен износ од 1.659 илјади денари и тоа:

- градежни материјали во вкупен износ од 1.141 илјади денари кои се користат за одржување и реконструкција на улици и друга комунална инфраструктура во Општината, се даваат на граѓаните за изведување на потпорни ѕидови и на јавното претпријатие за одржување на градските гробишта, и
- електро материјали за одржување на јавно улично осветлување во вкупен износ од 518 илјади денари.

За вградување на материјалите се ангажираат лица по договор за дело, а целокупната организација на работите ја врши јавното претпријатие.
За набавката и трошењето на градежните материјали не се води материјална евиденција, со образложение дека овие материјали не се чуваат во Општината, туку се подигаат од добавувачите по потреба и веднаш се вградуваат.
За материјалите за одржување на уличното осветлување се води материјална евиденција. Општина Кратово нема утврдено сметководствена политика, која треба да се применува во целиот пресметковен период. Евиденцијата на промените во материјалното сметководство (влез/излез на материјали), не се врши редовно од страна на службите, односно промените се евидентирани два пати
годишно, и покрај тоа што материјалите за улично осветлување се набавуваат и примаат сукцесивно и се издаваат и трошат редовно во текот на работењето на службите на терен секој месец, што е спротивно на член 7 од Закон за сметководство на буџети и буџетски корисници со што е нарушен принципот на навременост и ажурност.
Општината нема обезбедено писмен доказ дека материјалите се употребени во согласност со намената за која се набавени.
Добиено е објаснување дека набавката на материјали од страна на Општината и нивното користење преку јавното претпријатие или давањето материјали на граѓаните кои сами ја вршат работата (потпорни ѕидови) значи помали трошоци за работење во споредба со ангажирање на субјекти за комплетно извршување на работите (материјали и работна сила) што го потврдува долгогодишната пракса.

**Препорака**:

- -Градоначалникот на Општината да ја преиспита можноста уредувањето и одржувањето на инфраструктурните објекти за кои е задолжена Општината да се довери на субјекти избрани со постапки утврдени со закон.
- -Општината да пропише процедура за набавка и користење на материјалите во смисла на обезбедување доказ за нивната наменска употреба.
- -Службите на Општина Кратово да вршат редовна и навремена евиденција на промените во материјалното сметководство.

### 4.4. Користење на средствата согласно законски прописи

### Јавни набавки

4.4.1. За 2011 година е донесен план за јавни набавки во кој е утврдена вкупната вредност на набавките поделени во групи: за стоки, услуги и работи, без

поединечно искажани видови на набавки за кои ќе се спроведат постапки. Во Планот за јавни набавки за 2012 година, сите планирани набавки се дадени поединечно.

4.4.2. Не се спроведени постапки за јавни набавки во износ од 1.832 илјади денари (не се земени предвид набавките со поединечна вредност под 500 Евра), а е вклучена вредноста на крпење на ударни дупки и асфалтирање на пристапен пат (556 илјади денари) за работи извршени во 2010 година, дел платени во 2011 година. Неспроведувањето на постапки не е во согласност со Законот за јавни набавки и носи ризик од нетранспарентност во постапките (Прилог бр.3).

4.4.3. Со увид во досиеата на спроведените јавни набавки се утврдени следните неправилности:

- кај дел од постапките со прибирање на понуди без објавување на оглас не е донесена одлука за јавна набавка што е спротивно на член 28, што значи не е утврдена вредноста на набавката, не се изготвува поедноставена тендерска документација спротивно на член 101 и не се изготвува извештај за спроведената постапка, со предлагање на најповолната понуда спротивно на член 29;
- во отворената постапка за асфалтирање на улици во Кратово, за што вкупно се платени 2.545 илјади денари нема тендерска документација и извештај на комисијата за спроведена постапка.

**Прифатени и спроведени корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања**

Извршено е намалување на состојбата на државниот капитал за износ од 11.205 илјади денари и зголемување на пасивните временски разграничувања за истиот износ поради погрешното евидентирање на материјалните средства во подготовка како државен капитал во претходните години.

## 5. Ревизорско мислење

### Вкупни ефекти од наодите

Врз основа на изнесеното во точката 4.2.6, а кое се однесува на неспроведениот попис во согласност со законската регулатива, 4.3.1. неизвршена идентификација, проценка и евидентирање на имотот добиен со делбен биланс, 4.3.2. за неактивирањето на објектите од комуналната инфраструктура, ревизијата не

беше во можност да изаврши квантификација на ефектите кои би имале влијание врз финанските извештаи.

**Мислење за финансиските извештаи**

Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точката 4.2.6., 4.3.1 и 4.3.2., финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на сметката на основен буџет (637) на Општина Кратово на ден 31 декември 2011 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 4.2., 4.3. и 4.4. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на сметката на основен буџет (637) на Општина Кратово во сите материјални аспекти, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Скопје, 21.12.2012

ОПШТИНА КРАТОВО

СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (637)

БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

во 000 денари

| **Опис на позицијата** | **Образло-жение** | **2011** | **2010** |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1. | 27.589 | 70.372 |
| **Вкупно приходи** | | **27.589** | **70.372** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати и надоместоци | 3.2.1. | 9.487 | 10.008 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.2.2. | 382 | 149 |
| Стоки и услуги | 3.2.3. | 9.542 | 8.713 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.4. | 2.790 | 2.602 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **22.201** | **21.472** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3. | 5.388 | 48.900 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **5.388** | **48.900** |
| **Вкупно расходи** | | **27.589** | **70.372** |

ОПШТИНА КРАТОВО

СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (637)

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **Образло-жение** | **2011** | **2010** |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Побарувања од вработените | 4.1.1. | 19 | 44 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.2. | 1.450 | 2.240 |
| Залихи | 4.1.3. | 48 | 67 |
| **Вкупно тековни средства** | | **1.517** | **2.351** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални добра и природни богатства | | 0 | 72 |
| Материјални средства | 4.2.1. | 15.020 | 13.685 |
| Материјални средства во подготовка | 4.2.2. | 223.555 | 203.882 |
| **Вкупно постојани средства** | | **238.575** | **217.639** |
| **Вкупна актива** | | **240.092** | **219.990** |
| | | | |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 767 | 1.595 |
| Обврски спрема државата и други институции | 4.3.2. | 22 | 20 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.3. | 662 | 618 |
| Краткорочни финансиски обврски | | 0 | 7 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.4. | 223.573 | 192.721 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **225.024** | **194.961** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4. | 15.068 | 25.029 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **15.068** | **25.029** |
| **Вкупна пасива** | | **240.092** | **219.990** |

ОПШТИНА КРАТОВО
СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (637)

ПРЕГЛЕД
НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2011 ГОДИНА

**во 000 денари**

| **О П И С** | **Државен јавен капитал** | **Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови, ситен инвентар и хартии од вредност)** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2011 година** | **24.962** | 67 | 25.029 |
| **Зголемување по основ на:** | **2.000** | **471** | 2.471 |
| Набавки во текот на годината на ог | 56 | 471 | 527 |
| Преотстапено возило | 818 | | 818 |
| Ефекти од ревалоризација за 2011 | 1.126 | | 1.126 |
| Набавки во текот на годината на градежни објекти | | | - |
| Корекција во тек на ревизија | | | - |
| **Намалување по основ на:** | **11.942** | **490** | **12.432** |
| Амортизација 2011 година | 665 | | |
| Донација | | | |
| Сторно на земјиште | 72 | | |
| Корекција во тек на ревизија | 11.205 | | |
| Давање во употреба | | 490 | 490 |
| **Состојба 31.12.2011 година** | **15.020** | **48** | 15.068 |
| Корекција-зголемување во тек на ревизија | | | |
| **Состојба 31.12.2011 година** | **15.020** | **48** | **15.068** |

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

1. ______________________________
2. ______________________________

______________________

**ОПШТИНА КРАТОВО**
**Плоштад „Маршал Тито„ бб ,1360 Кратово**
**контакт тел.031/481-202**
**www.opstinakratovo.gov.mk/opstina_kratovo@yahoo.com**

---

**Бр.09 - 87 / 3**
**20.11.2012 год.**
**Кратово**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: 27. 11. 2012 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 29 | 161/8 | | |

**ДО ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**
**Ул.Македонија 12/3**

**ВРСКА: 29-161/7 од 06.11.2012**

**ПРЕДМЕТ: Забелешки на Нацрт-извештај**

Почитувани, Општина Кратово во оставениот и благовремен рок изнесува одредени забелешки на нацрт извештајот за кои смета дека се на место од причина што околностите во кои настанале ситуациите биле исклучителни и врзани со кратки рокови, вонредни услови, огромни трошоци или други оправдани околности. Имено Општина Кратово конкретно дава:

- **Забелешки во однос на нацрт извештај на овластен државен ревизор за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогасеност за 2011 на Општина Кратово сметка на основен буџет (630)** 01 2012 07 31/2

**Усогласеност со закони и прописи и акти** 4.2.2. При ревизија на приходите кај утврдувањето и наплатата на данокот на имот, данокот на промет на недвижности, наследство и подарок покрај другите состојби во точка 4 констатитано е дека не се изготвуваат записници од комисијата за утврдување на пазарната вредност на недвижен имот, а подолу исто така наведено е дека не се превземаат мерки за наплата на даночниот долг.

Упатуваме забелешки на овие наводи бидејќи наведените констатирани состојби се дадена паушално и не ни е познато зошто е претставена погрешна состојба кога ситуацијата е спротивна и напротив Комисијата секогаш изготвува и има изготвено записнисници од извршен увид на лице место со утврдена пазарна вредност на недвижниот имот, а исто така даночнот одделение постојано доставува опомени на физички и правни лица а честа појава е и блокирањето на сметките на правните лица поради неподмирување на даночна обврска.

❖ **Забелешки во однос на нацрт извештај на овластен државен ревизор за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогасеност за 2011 на Општина Кратово сметка на основен буџет (637)** 01 2012 07 31/2

**Интерни контроли** 4.1.1 Процес на плаќање. Дел од констатцијата за недоволна екипираност на општинската администрација во сверата на финанасиското работење, концентрацијата на повеќе наделжности кај еден вработен, без доволно контрола на сите активности од Раководителот на одделението за финансиски прашања, можеби е на место за општини со големи буџети.

Меѓутоа за општина како Кратово со сиромашен буџет недостатокот на кадар и немањето средсва за вработување е фактичка и реална ситуација а кога ке се има предвид и фактот што Раководителот на субјектот до 6-ти месец 2011 година бил на породилно боледување не ја гледаме оваа констатација како опрвадана бидејќи имајќи ги во предвид погоре наведените околности Општината немала подобра варијанта.

**Усогласеност со закони и прописи**

4.2.4 Исплатени се средства во износ од 233 илјади денари како надоместок за годишен одмор.

Исплатата на овој надоместок е регулирана со Одлука за извршување на Буџетот на Општина Кратово и како сите други општини и општина Кратово исплатата на овој надоместок ја изврши согласно член 9 од Законот за исплата на платите во Република Македонија кој закон ( покрај наведените Законот за државните службеници, Законот за работните односи) исто така важи и за општините како правни лица и како работодавачи.

4.2.6. Пописот на средствата не е извршен во согласност со одредбите на Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.

Извршен е физички попис на лице место и се впишани и опфатени сите основни средства, средства за работа, опрема и секаков инвентар И истите се евидентирани. Во меѓувреме лице од општината е испаратено на обука за попис на средствата и обврските кај буџетските корисници а се со цел правилна спроведување на пописот и усогласување на сметководствената и фактичката состојба.

**Финансиски извештаи** 4.3.1 Не е извршена идентификација, процена и евидентирање на имотот добиен со делбен биланс донесен од владата на РМ.

Должни сме да образожиме дека е започната постапката околу доврцување на работата во однос на процената и евидентирање на имотот кој не е запишан како сопственост на Општината и за кој нема имотни листови, меѓутоа поради сложеноста на постапката и потребата за изработка на геодетски елаборати и друга пропратна документација која финансиски чини многу, општината не е во можност тоа да го направи одеднаш, туку етапно согласно расположливите средства.

**Јавни набавки** 4.4.2 Не се спроведени постапки за јавни набавки во износ од 1.832.000,оо денари

- Набавка на градежни материјали за одржување на комунални објекти набавени од АКВА ДООЕЛ Кратово во вредност од 453.000,оо денари

Забелешката се однесува на тоа дека АКВА ДООЕЛ е единственото стовариште на градежни материјали во градот и наједноставно и брзо ги доставува материјалите кои се потребни пред се за изградба и санација на

улиците во градот, Оваа година (2012) е спроведен тендер на кој АКВА понуди најниски цени и со нив е потпишан договор.

- Набавка на зимска сол за одржување на патиштата

Поради екстремните зимски услови, блокираните патишта и отсеченоста на определени населени места неопходна беше брза набавката на сол за патиштата, а КИ-ЕМ беше единствената фирма која се согласи во најкраток можен рок да испорача сол а се со цел да може градот нормално да функционира во суровите зимски услови.

- Изградба на потпорен ѕид за тениско игралиште во вредност од 353.000,оо денари.

За реализација на не така честите проекти, услов од страна на Агенцијата за млади и спорт беше од страна на општината да се израмни теренот и изгради потпорен ѕид. Бидејќи роковите беа кратки, во општината нема соодветни субјекти за вршење на таква дејност а во истиот момент фирмата АГП Свети Николе ги извршуваше градежните работи на изградба на речното корито поради што беше искористено нивното присуство за да се израмни теренот и изгради потпорниот ѕид.

- Пробивање и чистење на пат – Стела Антика Кочани

Ридско планинскиот карактер на општина Кратово и големите снежни наноси особено во планинскиот дел, блокираните патишта беа причината поради што фирмата која беше ангажирана за зимско одржување на патиштата да не биде во можност да го чисти и пробива патот во планинскиот дел, поради отсеченоста на населението во планинскиот дел неопходно беше да се ангажира фирмата која случајно на лице место на палнинскиот терен имаше присутен Багер-гусеничар кој беше единствената опција.

- Крпење на ударни дупки и асвалтирање на пристапен пат – АД Гранит

Тука сме должни да укажеме дека не се работи за крпење на дупки туку изградба на локален пат до маало Стојкарци за кое нешто самото месно население даде половина од парите а другата половина општината. Градежното претпријатие Гранит беше присутно на тој терен со соодветна механизација и изведуваше градежни работи т.е. асвалтирање на патот с.Шопско Рударе поради што беше искористено присуството на машинеријата на Гранит за да се заврши наведената работа а се тампонираше и крак од локалниот пат до Основното училиште во селото Вакав за кое нешто имаше бројни барања и ургенциии на самото месно население.

- Изработка на елаборат за животна средина за регулација на речно корито: Блупринт Плус Дооел Скопје

За да се поднесе и достави проект во Министерството за транспорт и врски неопходно беше да биде изработен и елаборат за животна средина која работа оваа фирма се согласи да ја изврши во најкраток можен рок.

- Наведено е дека во отворена постапка за асфалтирање на улици нема тендерска документација и Извештај од комисијата за спроведена постапка

Забелешката ја упатуваме во насока на тоа дека е изработена поедноставена спецификација со детално наведени улици кои треба да се работат и нивната должина, а од Комисијата е изработена табела со евалуирани понуди по сите елементи од кои јасно се гледа која понуда е најповолна.

Почитувани, според изнесените забелешки на нацрт извештајот на органот на Општината сметаме дека расположливите финансиски средства на органот се користени рационални, наменски и во согласност со законот. Може да се најдат ситни технички пропусти и да стане збор за технички забелешки но не и за фактички. Во услови на неостварување на изворни приходи на локланата власт и обврската да се обезбеди извршување на функцијата на локалната власт во општината со минималниот буџет, општината и немала подобра варијанта и не можела да направи ништо повеќе од стореното. Се надеваме дека ке ги смените прввично изразеното негативно мислење и констираните неправилности кога ке ги земете во предвид погоре наведените комплицирани - незавидни ситуации во кои се наоѓа општината и недостатокот на средства.

Сметаме дека нашите забелешки се оправдани заради кое предлагаме извештајот да биде корегиран и променет.

Со почит

**Градоначалник**
**на општина Кратово**
Мите Андоновски

**Прилог број 2**

**ОДГОВОР**
**на забелешки на Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор**

На 27.11.2012 година добиени се Забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи со ревизија на усогласеност за 2011 година на сметката на основен буџет (637) на Општина Кратово, заведени во Државниот завод за ревизија под број 29-161/8 .
Забелешките се доставени од законскиот застапник на субјектот предмет на ревизија .
Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и е констатирано следното:

1. Забелешката на **точката 4.1.1.,** која се однесува на констатацијата дека не се воспоставени интерни контроли **не се прифаќа**. За актуелната состојба во делот на внатрешните контроли субјектот дава објаснување дека таквата состојба се должи на слабата финансиска моќ на општината. Воспоставувањето и функционирањето на интерните контроли е многу важно за сите Општини, без разлика на големината на буџетот. Ова особено што постои концентрација на повеќе надлежности кај едно лица без притоа да се има контрола.

2. Забелешката на **точката 4.2.4.,** која се однесува на констатацијата дека спротивно на Законот за државни службеници и Законот за работни односи е исплатен надомест на регрес за годишен одмор **не се прифаќа,** од причина што во фазата на забелешки субјектот не доставил нови докази кои би имале влијание на ревизорското мислење. Законот за државните службеници, ги уредува статусот, правата, должностите и одговорностите на државните службеници. Исто така, Законот во посебен дел го уредува и системот на плати и надоместоци, во кој дел не е утврдено правото на регрес за годишен одмор за државните службеници. Во Законот за работни односи во кој се уредени работните односи меѓу работниците и работодавачите, правото на регрес не е утврдено. Со Законот за исплата на платите во Република Македонија, утврдена е висината на регресот за годишен одмор а правото се утврдува со Колективните договори. Во Законот за Државни службеници, во членот 96 е уредено дека: со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува примената на одредбите на колективните договори по прашањата кои се уредени со овој закон. Со оглед дека во Законот за државните службеници и Законот за работни односи не постојат одредби во кои е утврдено правото на регрес за годишен одмор констатациите од Нацрт извештајот остануваат и во Конечниот извештај.

3. Забелешката на констатацијата на **точката 4.2.6.** која се однесува на нецелосно извршениот попис **не се прифаќа**. Субјектот дава објаснување дека е извршен физички попис со кое ревизијата се согласила и го констатирала во извештајот, но ревизијата укажува на пропустите во извршениот попис кои во иднина треба да бидат отстранети. Забелешката не се прифаќа бидејќи не се доставени нови релевантни докази кои би влијаеле на промена на ревизорското мислење.

4. Забелешката на **точката 4.3.1.** која се однесува на констатацијата дека не е извршена идентификација, проценка и евидентирање на имотот добиен со делбен биланс донесен од Владата на Република Македонија во 2000 година, **не се прифаќа**. Незавршената активност субјектот ја оправдува со комплексноста на проблематиката. Ревизијата се согласува дека ова е процес кој е комплексен но за реализирање на оваа активност се поминати повеќе од 10 година, иако за дел од објектите во 2004 година се добиени имотни листи, до денот на ревизијата не е извршена проценка и евидентирање на истите во сметководствената евиденција.

5. Забелешката на **точка 4.4.2.** која се однесува на констатацијата дека не се спроведени јавни набавки за износ од 1.832 илјади денари, **не се прифаќа,** бидејќи субјектот нема доставено нови докази со кои би се промениле констатациите на ревизијата. Субјектот дава објаснувања за секоја набавка посебно за која не е спроведена постапка образложувајќи ги причините поради кои е така постапено.

*Ревизорски тим* *Овластен државен ревизор*

1.____________________ ______________________

2.____________________

3.____________________